РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 25-02-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 31 | | |


( Образец ПП……)
До Општина Битола
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали во 2024 година вработените во Вашата општина учествуваа на обуки за развивање на нивните дигитални вештини?
   - Ако да, Ве молиме наведете го името на обуката, датумите на одржување на обуката, и бројот на вработени од Вашата општина кои учествувале на обуката.

2. Вкупен број на сите услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?
   - Физички:
   - Правни:

3. Вкупен број на е-услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?
   - Физички:
   - Правни:
   - Ве замолуваме за линкови до е-услугите на Вашата општина.

4. Дали Вашата општина предвидува дигитализација на услуги во 2025 година?
   - Ако да, Ве молиме наведете го името на услугата и информација за тоа дали општината има утврдено посебен буџет за нив со точниот износ во денари.

5. Дали во 2024 година, Вашата општина спроведе годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински услуги сакаат да им бидат понудени?
   - Ако да, Ве молиме доставете копија од повикот за анкетирање и извештај од собраните мислења/предлози.
   - Ако не, на кој начин го прибирате мислењето и предлозите од граѓаните за развој.

6. Дали Вашата општина предвидува воведување на нови услуги во 2025 година?
   - Ако да, Ве молиме наведете го името на услугата, начинот на нејзино користење (е-услуга или услуга со физичко присуство) и информација за тоа дали општината има утврдено посебен буџет за нив со точниот износ во денари.
   - Доколку не е предвидено воведување на нови дигитални услуги во 2025 година, кои се причините за тоа?

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија

**г) електронски запис**
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
**г) е-маил (**[redacted] Замолуваме на истата адреса да ни биде доставена и потврда за прием на Барањето.
д) друго------------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: <u>Назив:</u> [redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во <u>Кичево, Северна Македонија</u> Датум <u>17.02.2025 година</u>

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за човечки ресурси

Бр.11-31/2
25.02.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-31/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за информатичка технологија

Бр.11-31/3
25.02.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-31/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

______________________

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 19.03.2025
Организациона единица: 11 | Број: 31/4

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија
Одделение за информатичка технологија

До

Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер

Бр. 11-31/2

03.03.2025 год.

**Предмет: Одговор на барање**

Почитувани,

Во врска со прашањето број 1, Ве известуваме дека информациите треба да ги добиете од одделението за управување со човечки ресурси.

Во врска со прашањето број 2, Ве известуваме дека вкупниот број на услуги за 2024 година, според податоците од одделението за АОР, изнесува 18790.

Во врска со прашањето број 3, Ве известуваме дека вкупниот број на е – услугите, кои ги испорача општина Битола во 2024 изнесува:

- Е – урбанизам - 1942
  www.e-urbanizam.mk
- Есјн - 234
  https://e-nabavki.gov.mk
- Градежно земјиште
  gradezno-zemjiste.mk
- е-Одобрение за градење
  www.gradezna-dozvola.mk
- Даночни обврски - 808
  edanoci.bitola.gov.mk
- Нова web страница
  bitola.gov.mk
- Контакт форма и пријава на проблеми
  www.bitola.gov.mk/kontakt

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија
Одделение за информатичка технологија

- GIS систем
  gis.bitola.gov.mk

Во врска со прашањето број 4, Ве известуваме дека, во Општина Битола од почетокот на 2025 година започна да се користи систем за управување со документи https://dms.bitola.gov.mk/Account/Login, за кој планирана е и отворена форма за граѓаните по воспоставувањето на успешно функционирање на овој систем, така што граѓаните ќе можат за сите услуги кои ги обезбедува општината да аплицираат и електронски.

Од оваа година се воведува модул за електронски субвенции, така што субвенционирањето ќе се спроведува преку електронско аплицирање.

Системот и модулите се изготвени, во овој период се врши тестирање и обука на вработените.

Во врска со прашањето број 5:

- Мислењата и предлозите од граѓаните се собираа преку буџетски форуми, средби со граѓанскиот сектор, месните и урбаните заедници.

Во врска со прашањето број 6, одговорот е образложен во одговорот на прашањето број 4.

*Одговорите се обезбедени во соработка со Раководителот на одделението за Административни и општи работи.*

Игор Поповски

Раководител на одделение за ИТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 19.03.2025
Организ...

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11 | 31/5 | | |

Општина Битола
Одделение за управување со
човечки ресурси
Бр. 04-37/2
19.03.2025.
Битола

До

Емилија Илиевска

**Врска:** Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.11-31/2 од 25.02.2025 година

Предмет: Достава на податоци

Во врска со доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер Ве известувам следното:

Обука за Сајбер безбедност 1 државен службеник Ноември Декември 2024 година/

Со поздрав

Раководител
на одделение за управување со човечки ресурси
Кире Ѓоргиевски

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-31/6
12.03.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] , поднесено на **25.02.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-31/2025** од **25.02.2025 година**, каде бара информации за обуки за развивање дигитални вештини, услуги испорачани од Општина Битола за физички и правни лица, вкупен број на е-услуги, дигитализација во 2025 година, анкетирање на граѓаните и воведување на нови услуги во 2025 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број **бр.11-31/2025** од **25.02.2025 година**. Во барањето наведе дека бара информации за обуки за развивање дигитални вештини, услуги испорачани од Општина Битола за физички и правни лица, вкупен број на е-услуги, дигитализација во 2025 година, анкетирање на граѓаните и воведување на нови услуги во 2025 година.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-31/1 од 25.02.2025
2.Допис до Одделение за човечки ресурси со бр.11-31/2 од 25.02.2025
3.Допис до Одделение за информатичка технологија со бр.11-31/3 од 25.02.2025
4.Одговор од Одделение за информатичка технологија со бр.11-31/4 од 19.03.2025
5.Одговор од Одделение за човечки ресурси со бр.11-31/5 од 19.03.2025

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 20.03.2025 година, под бр. 11-31/6.

**Службени лица за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА